Почитувани.
Врз основа на доставеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме како што следува:
- Објектот е изграден во 1980 година;
- Опремата која датира во нашата установа е од 1974, и истата во неколку наврати е обновена, како од страна на Мин. за Здравство на РМ така и од сопствени средства;
- Големи зафати за реновирање немало во послединте 10 години;
- Гледајте погоре во одговорот;
- Реновирање или обнова на ентериерот и опремата е извршено во текот на 2015 година, во сите одделениа.

Со почит.
ЈЗУ ,,Општа Болница,, Дебар

**До Жаклина Хаџи-Зафирова**
**Ул. „11 Октомври“, бр.2/5-4, 1000 Скопје**
**Мејл:zaklina.zafirova@gmail.com**

**Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

ЈЗУ Општа болница „Куманово“ –Куманово Ви го доставува следниот одговор на Вашето Барање кое е испратено на 15.03.2017. година:

-ЈЗУ Општа болница „Куманово“ –Куманово има вкупно 9 објекти.Објектите се градени во различни временски периоди, и тоа : објект на очно и ушно одделение е изграден во период од пред Втора светска војна ,објект на нова болница со болнички одделенија интерно,педијатрија,хирургија,анестезија и гинекологија и акушерство изграден 1970 година,објекти на неврологија и психијатрија на рентген дијагностика се изградени во 1960 година, објект на инфективно одделение изграден во 1990 година,објект на Лаборатории ,болничка аптека и центар за јавно здравје е изграден во 1985 година,објект на Ургентен центар е изграден во 2007 кој е донација на Норвешка влада, објект на физикална медицина е пред 1970 година и е барака добиена како донација и објект на АТД (Антитуберкулозен диспанзер) е вон болнички двор и е изграден 1960 година.
-Опремата во ЈЗУ Општа болница „Куманово“ –Куманово постојано се обновува и во моментот Болницата располага со нова и постара опрема но сета опрема е во функција.

- Во овој период објектите во Болницата повеќе пати се обновувани и тоа се вршени реновирања на болнички одделенија, уредување на дворот на Болницата,обновување на фасадата на еден од објектите,реновирање на санитарни чворови и друго.
-Сума издвоена за зафатите(реновирањата ) во овој период е во висина од 51 милион денари.
-Реновирање и обнова на ентериерот е реализирано во 2016 година и тоа на : хируршки амбуланти,педијатриска амбуланта,амбуланта во гинекологија и акушерство, интерна амбуланта со дневна болница, потоа е обновено дворно осветлување со нови светилки.

Со почит,

29.03.2017. година

**В.Д. Директор,**
**Д-р Ариф Латифи**

ЈЗУ Општа Болница – Кичево IPSH Spitali i Përgjithshëm – Kërçovë

Адреса: Маршал Тито бр. 42 ж-сметка: 100-0000000660-05
Тел/факс : 045 222 110, 045 222 130 под сметка: 660120100253161
Email: jzubolnica.kicevo@t-home.mk прих. шифра: 723 819
00

**ДО**
**Жаклина Хаџи-Зафирова**

**Ул.„11 Октомври“ бр.2/5-4**
**e-mail: zaklina.zafirova@gmail.com**

**СКОПЈЕ**

**Предмет: ОДГОВОР НА БАРАЊЕ**

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање испратено по –емаил на ден 15.03.2017 год. кое се однесува за пристап до информации од јавен карактер Ви го доставуваме бараниот одговор во предвидениот рок.

1. Кога е изграден објектот на Вашата установа?
   - Установата е сместена во неколку објекти, од кои најстариот датира од 1939 год. понов дел има од 1988 год. Во тек е изградба на нова болница чија градба трае цели 20 години.

2. Од кога датира опремата која ја користите во Вашата установа? И дали е обновена?
   - Опремата е релативно постара и амортизирана без сметководствена вредност. Последно беше добиена опрема од страна на МЗ во 2009 год.

3. Колку пати е реновирана Вашата здравствена установа во периодот од 2006-2016 година и за какви зафати станува збор?
   - Објектите каде се сместени Интерно и Гинеколошко-акушерско одделение беа реновирани во 2007 год.

4. Која е сумата која беше издвоена за зафатите (реновирањата) на Вашата установа извршени во последните 10 години?

- Реновирањето на двата објекти беше донација од страна на холандската фирма NORVAC.

5. Кога последен пат е реализирано реновирање/обнова на ентериерот и опремата во Вашата установа? И на кои делови од објектот?
   - Во 2009 година добиени се медицински апарати – опрема набавена од страна на Министерството за здравство.

Поздрав.

Бр.03-308/2
16.03.2017

**Изработил:**
**Маја Б.Радеска**

**Директор**
**Д-р.Лупче Ристески**

Болницата во Кочани е формирана во далечната 1924 година како Станица за маларија. Во 1949 година се изградени општа и забна амбуланта за да во 1952 година се регистрира како Здравен дом Кочани.

Во педесетите години започнува со отварање на одделенија ( интерно, детско, хирургија ).

Набавка на медицинска опрема: вкупна вредност од 3.319.729 со ДДВ

- Хематолошки бројач со 3 диференцијални крвни слики со 18 параметри.
- Неделив лот манометар - регулатор на кислород
- Боца за кислород со манометар
- Дигитален ултразвучен скенер (за ртопедија)
- Дерматоскоп
- Ултразвучен коскен дензитрометар - Видеопринтер B/W
- Ехокардиограф со кардиолошка и абдоменална сонда
- CTG апарат
- Монитори со капнограф
- Апарат за ултразвучна терапија
- Акушерски бокс
- Интрамед(Интраферентни струги)
- Лонец за парафин 20литри
- Оксиколог
- Аспиратор за новороденче
- Санитетско возило (второ)

Биохемиски аналајзер (со нови биохемиски анализи за прв пат во ЈЗУ Општа болница-Кочани)

Дигитален мамограф (на самиот почеток е и процедура за скриниг на дојка)

набавка на микропроцесна плоча за биохемиски анализатор во вредност од 73.500,оо денари,набавка на униформи за здравствени работници во вредност од 11.279,оо денари,набавка на Клима уред, фрижидер и електричен шпорет во вредност од 96.327,оо денари,набавка на копир во вредност од 39.000,ооднари,набавка на персонални компјутери во вредност од 139.860,оо,набавка на униформи во вредност од 111.279,оо денари,набавка на постелнина во вредност од 77.279,оо денари,реконструкција на интензивна нега во интерно одделение во вредност од 164.800,оо денари,реконструкција на болнички соби во вредност од 508.420,оо денари.

Лидија Ѓоргиева

службено лице за информации од јавен акрактер

Општа болница-Кочани

Почитувани,

1. Објектите во кои е сместена ЈЗУ Општа болница - Струга изградени се во периодот 1955 - 1970
2. Опремата која ја користиме датира во најголем дел од периодот од 1998 г. и навака. Релативно е обновена во периодот од 2008 г. навака.
3. Во периодот од 2006 г. до 2016 г. ЈЗУ Општа болница - Струга има извршено реновирање со сопствени средства на одделенијата за хирургија, гинекологија, интерна медицина, детски болести, лабораторија, РТГ.
4. Во последниве 10 години во зафати за реновирање се вложени ориентациона преку 150.000 ЕВРА сопствени средства.
5. Последен пат е реализирано реновирање на интерно одделение (2016 г.), и извршено е целосно варосување на болницата во 2016 г.

Со почит,

бр. 03-365/2
22.03.2017 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА
Бр. 03-719/1
27. 03. 2017 год.
СТРУМИЦА

**ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА**

**Жаклина Хаџи-Зафирова**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на податоци**
**ВРСКА: Ваше барање**

Во врска со горенаведеното Ваше барање, во кое барате информација врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следните податоци:

- Болничките објекти започнуваат да се градат на доделено градежно неизградено земјиште со Одобрение за градба бр.08-112 од 07.02.1969 година. Подоцна продолжува да се доградуваат и други болнички објекти на ул Младинска во КО Струмица.
- Опремата која се користи е обновена во повеќе одделенија а последен медицински апарат(фако апарат за офтамологија) е набавен во 2016 година. Мегутоа има неколку апарати кои редовно се сервисиаат а датираат од 1996 па нагоре.
- Извршени се повеке пати реконструкции и реновирања, во 2006 година е направен ургентен центар, вредност на реализацијата од страна на Министерство за здравство изнесува 4.813.313,00 денари. Во 2011 година е извршена реконструкција и адаптација на влезна партија со амбулантно-поликлинички дел. Во 2016 година започнати се изведување на градба – болнички крак А,А,В и Н, како 1-фаза од страна на Министерството за здравство која изнесува 21.959.146,00 денари.

Со почит,

**В.Д. ДИРЕКТОР**
**Д-р Анкица Ангова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна здравствена установа
ОПШТА БОЛНИЦА
СТРУМИЦА

*ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА* *Милениум книговодство*

**Картица за конто** 0200 Згради и други град. објек.

**од 01.01.2006 до 31.12.2006**

| налог | Документ | Тип на документ | калк. | **дата** | книжено | Должи | Побарува | **кум. промет** Должи | Побарува | **Салдо:** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0 | салдо 2005 | 0 | 01.01.2006 | 01.01.2006 | 26,606,336.00 | 0.00 | 26,606,336.00 | 0.00 | 26,606,336.00 |
| 205/6 | | заврш.ситу | | 30.06.2006 | 24.07.2006 | 4,813,313.00 | 0.00 | 31,419,649.00 | 0.00 | 31,419,649.00 |
| | | | | | **Вкупно:** | **31,419,649.00** | **0.00** | | | **31,419,649.00** |

УРГЕНТЕН ЦЕНТАР